# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 44** **22 февруари 2019, петок** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 716. | **Исправка** на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на набавката на нови автобуси за Град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје | **2** |
| 717. | **Одлука** за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Државна изборна комисија | **2** |
| 718. | **Исправка** на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година | **2** |
| 719. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата, големината и содржината на печатите, начинот на нивното чување и употреба, како и за штембилите на државните органи | **2** |
| 720. | **Одлука** за изменување и дополнување на одлуките за формирање на општинските изборни комисии | **3** |
| 721. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија | **5** |
| 722. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување | **5** |
| 723. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување | **7** |
| 724. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала | **7** |
| | **Огласен дел** | **1-56** |

# ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**716.**

По извршеното срамнување со изворниот текст Законодавно-правната комисија утврди дека во текстот на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на набавката на нови автобуси за Град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2019) е направена грешка поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАБАВКАТА НА НОВИ АВТОБУСИ ЗА ГРАД СКОПЈЕ, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ**

По насловот на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на набавката на нови автобуси за Град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје треба да стојат зборовите:

„Член 1“

Број 11-873/2
21 февруари 2019 година
Скопје

Од Законодавно-правната
Комисија на Собранието
на Република Северна Македонија

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**717.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 февруари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, му престанува користењето на движните ствари – моторни возила и тоа:

- Патничко моторно возило
- тип - Volkswagen
- регистерска ознака: SK-638-UT
- број на мотор - 287333
- број на шасија- WVWZZZ6RZBY133768
- Товарно моторно возило
- тип Toyota HILUX
- регистерска ознака: SK-753-UN
- број на мотор 5027191
- број на шасија AHTFR22G506030746
- Патничко моторно возило
- тип-Шевролет Круз
- регистарска ознака: SK-197-UN
- број на мотор 074470KA
- број на шасија KLIJF6959AK702022

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука, се даваат на времено користење на Државна изборна комисија за период од пет месеци, до денот на завршување на изборниот процес.

Член 3

Генералниот директор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, склучува договор со претседателот на Државна изборна комисија со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1449/1
19 февруари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**718.**

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/19, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2019 ГОДИНА**

Во членот 1 во последниот ред, наместо „4.2.2018 година“ треба да стои „4.2.2019 година“.

Бр. 45-752/1-1
18 февруари 2019 година
Скопје

Од Владата на Република
Северна Македонија

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**719.**

Врз основа на членот 9 од Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, ГОЛЕМИНАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕЧАТИТЕ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ЧУВАЊЕ И УПОТРЕБА, КАКО И ЗА ШТЕМБИЛИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ**

Член 1

Во Правилникот за формата, големината и содржината на печатите, начинот на нивното чување и употреба, како и за штембилите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/09), во член 2 во ставот 2 бројот „32“ се заменува со бројот „40“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1256/1
20 февруари 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Рената Дескоска**, с.р.

# ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**720.**

Врз основа на член 31 став (2) точка 1 а во врска со членовите 18 став (3), 33 став (1), 34 став (1) и (4) и 35 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/ 12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19), Државната изборна комисија на седницата одржана на 21.02.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ

I. Во одлуките за формирање на општинските изборни комисии, број 08-1304/1 од 28.04.2016 година, објавени во „Службен весник на Република Македонија“, број 84 од 30 април 2016 година, број 08-1304/3, 06.05.2016 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 89 од 09.05.2016 година, број 08-1304/5 од 10.05.2016 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 92 од 11.05.2017 година, број 08-2788/1 од 28.10.2016 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 198 од 29.10.2016 година, број 08-2788/3 од 03.11.2016 година,објавена во Службен весник на Република Македонија број 201 од 04.11.2016 година, број 08-2788/5 од 09.11.2016 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 203 од 10.11.2016 година, број 08-2788/7 од 14.11.2016 година,објавена во Службен весник на Република Македонија број 204 од 14.11.2016 година, број 08-2788/9 од 22.11.2016 година,објавена во Службен весник на Република Македонија број 207 од 22.11.2016 година, број 08-2788/11 од 28.11.2016 година,објавена во Службен весник на Република Македонија број 210 од 28.11.2016 година, број 08-2788/13 од 8.12.2016 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 08-2788/13 од 8.12.2016 година, број 08-1608/1 од 18.8.2017 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 113 од 18.08.2017 година, број 08-1608/3 од 22.08.2017 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 116 од 23.08.2017 година, број 08-1608/5 од 30.08.2017 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 120 од 01.09.2017 година, број 08-1608/7 од 06.09.2017 година објавена во Службен весник на Република Македонија број 124 од 07.09.2017 година, број 08-1608/9 од 13.09.2017 година објавена во Службен весник на Република Македонија број 127 од 13.9.2017 година, број 08-1608/11 од 20.9.2017 година објавена во Службен весник на Република Македонија број 132 од 20.9.2017 година, број 08-1608/13 од 4.10.2017 година објавена во Службен весник на Република Македонија број 142 од 5.10.2017 година, број 08-1608/15 од 10.10.2017 година објавена во Службен весник на Република Македонија број 145 од 12.10.2017 година, одлука број 08-1608/17 од 11.10.2017 година објавена во Службен весник на Република Македонија број 145 од 12.10.2017 година, Заклучок број 08-1608/19 од 27.10.2017 година објавен во Службен весник на Република Македонија број 154 од 01.11.2017 година, број 08-1589/1 од 17.08.2018 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 154 од 20.8.2018 година и одлука број 08-1589/3 од 30.8.2018 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 160 од 30.8.2018 година, Државната изборна комисија решавајќи по поднесените барања за неприфаќање за извршување на должноста претседател, заменик претседател, член или заменик член во општинските изборни комисии поради здравствени или семејни причини, ги изврши следните измени и дополнувања:

1. Во составот на Општинска изборна комисија ЈЕГУНОВЦЕ, членот ФИТИМ НУХИИ вработен во Министерство за надворешни работи на РСМ, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира АРБЕНИТ ЗЕЌИРИ, вработен во Секретаријат за спроведување на рамковниот договор.

Членот ВЕСНА КОЧОВСКА, вработена во Министерство за финансии, СЕ РАЗРЕШУВА.

2. Во составот на Општинската изборна комисија АЕРОДРОМ членот ДРАГАНА РУСЕСКА вработена во Министерство за здравство, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира МАРИЈА СТАВРОВА вработена во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Заменик членот АНА МИТРОВСКА вработена во Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира СНЕЖАНА СИМОНОВСКА вработена во Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.

3. Во составот на Општинската изборна комисија НЕГОТИНО членот БРАНКО ЈАНЕВ вработен во Државен инспекторат за труд-Скопје, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира ВАНЧО ЈАНЕВСКИ вработен во Министерство за информатичко општество и администрација.

4. Во составот на Општинската изборна комисија БУТЕЛ членот ЕДИТА ИСАХИ вработена во Министерство за здравство, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира АДЕЛИНА ТАФЕ МЕХМЕД вработена во Министерство за транспорт и врски.

Заменик членот ЗЛАТКО СТОЈАНОВСКИ вработен во Министерство за информатичко општество и администрација, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира ДЕЈАН МИТРОВСКИ вработен во Агенција за катастар на недвижности.

5. Во составот на Општинската изборна комисија МАВРОВО И РОСТУШЕ претседателот ЕЛВИСА МУРСЕЛА АЛИЛИ вработена во Државен инспекторат за животна средина, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов претседател се избира СЕЈХАН ЌЕРАЛА вработена во Секретаријат за спроведување на рамковниот договор.

6. Во составот на Општинската изборна комисија КОЧАНИ, заменикот претседател ВЕРКА КОСТАДИНОВСКА вработена во Министерство за финансии – Управа за јавни приходи Кочани, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик претседател се избира АЛЕКСАНДРА ТАСЕВСКА вработена во Министерство за труд и социјална политика.

7. Во Општинската изборна комисија АРАЧИНОВО членот РИСТАНА МИТРОВСКА вработена во Фонд за здравствено осигурување – Гази Баба, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира АЛЕКСАНДРА САЛАПУРА вработена во Царинска управа на РСМ.

8. Во Општинската изборна комисија БЕРОВО заменикот претседател МАРИН ДЕМИРОВСКИ вработен во Општина Берово, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик претседател се избира ДАНИЕЛ НИКОЛОВ вработен во Генерален секретаријат на Влада на РСМ.

9. Во составот на Општинската изборна комисија КАРПОШ заменикот член НАТАША СТОЈМАНОВСКА вработена во Министерство за финансии, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира ВАЛЕНТИНА ЛИСИЧКОВА вработена во вработена во Град Скопје.

Заменикот член ЦЕЛЕ РИСТЕВСКИ вработен во Општина Ѓорче Петров, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира ЗОРАН АНТОВСКИ вработен во Агенција за храна и ветеринарство на РСМ.

10. Во Општинската изборна комисија ВИНИЦА заменикот член КРИСТИНА КОЗОВСКА ГАВРИЛОВА вработена во Министерство за надворешни работи, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира БОСИЛКА ЃОРЃЕВА вработена во Управа за јавни приходи.

11. Во составот на Општинската изборна комисија НОВО СЕЛО членот ДРАГАНА СТОИЛКОВА вработена во Општина Ново Село, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира ТАНКИЦА СМИЛЈАНОВА вработен во Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола.

Заменикот член РИСТО ЃОРГИЕВ вработен во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира РОМЕО ТРЕНОВ вработен во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

12. Во Општинската изборна комисија ЧАИР заменикот член СЕФЕР ХИСЕНИ вработен во Општина Чаир, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира ЉУКМАН ШАЌИРИ вработен во Министерство за економија.

13. Во Општинската изборна комисија КАВАДАРЦИ членот ЗЛАТКО АТАНАСОВ вработен во Собрание на РСМ, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира ПЕТАР ДАМЈАНОСКИ вработен во Управа за јавни приходи.

14. Во Општинската изборна комисија БОГДАНЦИ заменикот член МАРИЈА ТАШКОВСКА ШАБАНОВА вработена во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира ЕЛИЗАБЕТА ЕНЦЕКЧЕВА вработена во Управа за јавни приходи.

15. Во Општинска изборна комисија ВЕЛЕС членот БОБЕ ЦЕЦЕВ вработен во Генерален секретаријат на Влада на РСМ, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира МИЛЕ САВЕСКИ вработена во Министерство за финансии.

16. Во Општинска изборна комисија ДЕМИР КАПИЈА заменикот член ТРАЈЧЕ КАМЧЕВ вработен во Агенција за катастар на недвижности, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира ЈОРДАН ПАУНОВ вработен во Агенција за катастар на недвижности-Неготино.

17. Во Општинска изборна комисија ВАЛАНДОВО членот ТОДОРКА ДЕЛЕВА вработена во Фонд за здравствено осигурување - Валандово, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира ГОРДАНА МАТЕЕВА вработена во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

18. Во Општинската изборна комисија ЃОРЧЕ ПЕТРОВ претседателот СТОЈАН МИТЕВСКИ вработен во Министерство за труд и социјална политика, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов претсдател се избира ИВИЦА ЛАЗАРЕВСКИ.

Членот ФРОСИНА ПОПОСКА вработена во Управа за јавни приходи, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира НАДИЦА МУШИЈАН вработена во Општина Ѓорче Петров.

Заменикот член КАТИНА ГЕОРГИЕВА вработена во Министерство за надворешни работи, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира НЕША ПЕТРУШЕВСКА вработена во Агенција за катастар на недвижности.

19. Во Општинска изборна комисија КРУШЕВО претседателот КОСТА МИЦКОСКИ вработен во Општина Крушево, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов претседател се избира БЛАГОЈА ЈОВАНОСКИ вработен во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

20. Во Општинска изборна комисија САРАЈ заменикот претседател РАДА ФИЛИПОВСКА вработена во Министерство за транспорт и врски, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик претседател се избира ЉУПКА ЈОВАНОВСКА вработена во Генерален секретаријат на Влада на РСМ.

Членот МИРАЈЕТЕ КАСАМИ вработена во Министерство за информатичко општество и администрација, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира МИРАЈЕТ МУСТАФА вработена во Секретаријат за спроведување на рамковниот договор.

21. Во Општинска изборна комисија ГАЗИ БАБА заменикот член ЉУПЧО ЗОРОВ вработена во Државен архив на РСМ, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира ВАСИЛ РИСТЕСКИ вработен во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

22. Во Општинска изборна комисија СТРУМИЦА претседателот АЛЕКСАНДАР ЧЕБОТАРЕВ вработен во Општина Струмица, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов претседател се избира ТОМИСЛАВ АНДРЕЕВ вработен во Општина Струмица.

Заменикот член ИВАН ДАСКАЛОВСКИ вработен во Општина Струмица, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира САШО ТРЕНДОВ вработен во Општина Струмица.

23. Во Општинска изборна комисија ОХРИД претседателот ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ вработен во Општина Охрид, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов претседател се избира КЛИМЕНТ КАМНАРОСКИ.

24. Во Општинска изборна комисија СТРУГА заменикот член БОГДАН ПЕТРЕСКИ вработен во Општина Струга, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира ЖАРКО ШАЈНОСКИ вработен во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

25. Во Општинска изборна комисија ЧАШКА членот ЕЈУП АДЕМИ вработен во Општина Чаир, СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира НАСЕР АМЕТИ вработен во Секретаријат за спроведување на рамковниот договор.

ЗАБЕЛЕШКА: Се врши измена во Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за формирање на општинските изборни комисии број 08-1608/13 од 04.10.2017 година во став 1 точка 2 (ОИК Чучер-Сандево) каде во вториот став наместо зборот „член“ треба да стои „заменик член“, така што вториот став ќе гласи:

„За нов заменик член се избира Тања Јовчевска, вработена во Министерство за земјоделие, Државен инспекторат за земјоделие.“

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, и на интернет страницата на Државна изборна комисија.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, согласно член 18 став 3 од Изборниот законик, лицето избрано за член на општинска изборна комисија може да поднесе барање за изземање до Државна изборна комисија, во рок од 48 часа од денот на нејзино објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија‘.

Доставување на барање за изземање по пошта не е дозволено.

Бр. 08-498/1 Државна изборна комисија
22 февруари 2019 година Претседател,
Скопје **Оливер Деркоски,** с.р.

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**721.**

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување Закон за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/16 и 171/2017) и Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 81/2010, 181/2011, 189/2014, 46/2015 и 52/2016), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 31 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА ЗА КОИ ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА МОЖАТ ДА ОСТВАРАТ ПРАВО НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во член 2 од Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 18/2004, 76/2004, 56/2006, 61/2006, 1/2007, 62/2007, 115/2007, 132/2007, 14/2008, 37/2008, 132/2008, 88/2009, 131/2009, 16/2010, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 151/2013, 10/2014, 189/2014,167/2016, 129/2018, 228/2018 и 10/2019 ), во табелата по редниот број 46-г се додава:

| ПРОТЕЗИ ЗА РАЦЕ | | |
|---|---|---|
| Реден бр. | Назив на помагалото, материјал, резервни делови | Единечна цена со сите давачки |
| 46-д | Надлакатна мултифункционална протеза со миоелектронска шака и мехатронички лакотен зглоб со прекинувач командувана со притисок | 1.204.342,00 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 – 1824/4 Претседател
1 февруари 2019 година на Управен одбор,
Скопје д-р **Ридван Асани,** с.р.

---

**722.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16,142/2016 и 171/2017) и член 112 став 1 и член 114 став 2 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 187/2016 и 146/2018), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 31 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2011, 144/2011, 5/2012, 29/2012, 79/2012, 57/2013, 64/2013, 88/2013, 105/2013, 119/2013, 138/2013, 145/2013, 165/2013, 34/2014, 134/2014, 141/2014, 142/2014, 11/2015, 76/2015, 96/2015 и 200/2018), образецот на Лабораториски упат – 1-в „Образец ЛУ1-в“, се заменува со нов образец кој е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02 – 1824/6 Претседател
1 февруари 2019 година на Управен одбор,
Скопје д-р **Ридван Асани,** с.р.

ФЗОМ – Образец ЛУ1-в

| УПАТ БР. | |
|---|---|

**УПАТУВА:** **ДО:**

| | |
|---|---|
| Здравствена установа | Здравствена установа |
| Место, Општина | Место, Општина |
| Специјалност | Специјалност |

| ПОДАТОЦИ ЗА ПАЦИЕНТОТ | | | |
|---|---|---|---|
| Име и Презиме | | ЕЗБО/ ЕМБГ | |
| Телефон | | Е - пошта | |
| Новороденче | | | |
| Датум на раѓање | | Регистарски број | |
| Странски осигуреник | | | |
| Датум на раѓање | | ЕНIC / Бр. на осиг. / Бр. на пасош | |
| Држава на осиг. | | | |
| Основ на осиг. | | Ослободен од парт. | |

## ЛАБОРАТОРИСКИ УПАТ 1-в

| | |
|---|---|
| **Дијагноза по МКБ 10** | Шифра по МКБ 10 Опис на МКБ 10 |
| Услуги | Вид на здравствена услуга -лабораториска анализа за хормонски статус, тумор маркери и OGTT (орален гликоза толеранс тест) |

Датум на издавање на упатот: ________

Лекар (Спец./Суспец.) кој го издава упатот: Име и презиме / Факсимил

**М.П.**

Напомена:
Осигуреното лице е должно во рок од 3 дена по подигнатите резултати да го посети избраниот лекар со медицинската документација, со цел остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување.
Упатот ЛУ1-в го издава избран гинеколог и содржи биохемиски лабораториски услуги за утврдување на хормонски статус, тумор маркери и OGTT (орален гликоза толеранс тест).
Овие биохемиски лабораториски испитувања може да ги врши само биохемиска лабораторија каде носител на дејност е лекар специјалист по медицинска биохемија.

**723.**

Врз основа на член 29 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16,142/2016 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 31 јануари 2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 191/2015, 187/2016 и 146/2018) во членот 59 ставот 3 се менува и гласи:

„Избраниот гинеколог издава на осигуреното лице на пропишан образец упат ЛУ1-в, за утврдување на хормонски статус, тумор маркери и OGTT (орален гликоза толеранс тест).“

Во членот 59 став 6 по зборот „лекар“ се додаваат зборовите „или фармацевт“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 – 1824/3
1 февруари 2019 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
д-р **Ридван Асани,** с.р.

**724.**

Врз основа на член член 9 став 1 под б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување ("Сл.весник на РМ"бр. број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/16 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 31 јануари 2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА**

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала (Сл. весник на РМ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019 и 20/2019), во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата ПРОТЕЗИ ЗА РАЦЕ за ортопедското помагало вид 1, шифра 1611 - Надлакатна мултифункционална протеза со миоелектронска шака и мехатронички лакотен зглоб со прекинувач командувана со притисок во колоната „единечна цена со сите давачки“ се додава бројот„1.204.342,00“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 – 1824/7
1 февруари 2019 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
д-р **Ридван Асани,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019044